Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНАЛЕЦ ц.о
Бр. 04-3014/9
17.09.2024 год.
Струмица

Врз основа на член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Сл. весник на РСМ бр.275/19, 14/20 215/21 и 99/22 ) доставената конечна ранг листа на кандидати и предлогот за вработување на кандидати по јавне оглас 214/2024 бр. 10-1219/7 од 13.09.2024 година , а во својство директор на јавното претпријатие ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО ЈПКД'КОМУНАЛЕЦ' - СТРУМИЦА

1. За извршител на работно место под Ред. бр. Ред. бр. 103 КДР 01 02 В04 001 – Помлад соработник, помлад соработник за застапување – (Одделение за утужување – Сектор за наплата на побарувања од правни лица) се избира кандидатот - **Драган Гошев.**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 , по конечноста на ова одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 09.08.2024 год. во дневните весници "Нова Македонија" , "Слободен печат" и "Коха" беше објавен оглас за вработување на административни службеници во ЈПКД"Комуналец" – Струмица.Постапувајки по одредбите од законот за административни службеници, комисијата за селекција за вработување по јавен оглас по записник бр. 10-1219/4 од 26.08.2024 год. изврши административна селекција за вработување по јавен оглас бр 214/2024 и констатира дека за огласеното работно место под ред. бр. 1 се пријавени вкупно 6 (шест) кандидати од кои уредно се пријавени 4 (четири) кандидати и неуредно се пријавени 2 (два) кандидати.

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 11.09.2024 год. се спроведе испит за административен службеник(записник бр. 10-1219/5 од 11.09.2024 год. На испитот уредно се појавија 2 (двајца ) кандидати.

На ден 13.09.2024 год. се изврши проверка на веродостојноста на доказите.Успешно ја помина проверката само еден кандидат и со истиот se спроведе интервју на административниот службеник (записник бр. 10-1219/6 од 13.09.2024 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр. 1214/2024 год. и истата беше доставена до директорот на ЈПКД"Комуналец" – Струмица, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука

По конечноста на ова Одлука директорот на ЈПКД'Комуналец' – Струмица во рок од 5 (пет) ќе склучи договор за вработување на неопределено време со избраниот кандидат.

Упатство за правно средство: : Против оваа одлука кандидатот имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР
Љупчо Љачев

Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ ц.о Струмица